РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1690/2
04-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 32-та седница одржана на 22.05.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1690/1 од 07.04.2026 година, поднесена од -------- од -------, против ------- за наводи за неправилности, дискриминација, злоупотреба на службена положба и сомневање за корупција, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не постојат елементи за надлежно постапување по предметниот случај, од причина што за пријавените наводи друг надлежен орган е овластен да постапува.

Пријавата со сите прилози доставени кон истата да се достават до Министерството за спорт на Република Северна Македонија, како надлежен орган за постапување по наводите.

Предметот со број 12-1690/1 од 07.04.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата, на ден 07.04.2026 година, доставена е пријава против ------- во која се изнесуваат наводи за постоење на

неправилности, дискриминација, злоупотреба на службена положба и сомневање за корупција во работењето на органите на федерацијата, по што е оформен предмет со број 12-1690/1 од 07.04.2026 година.

Во пријавата подносителот наведува дека како лиценциран ------ судија бил дискриминиран и не бил делегиран за судење на натпревари, иако не постоела дисциплинска постапка или санкција против него, при што укажува на селективно постапување од страна на Судиската комисија. Дополнително, се наведуваат наводи за делегирање на нелиценцирани судии, непочитување на дисциплинските постапки, игнорирање на поднесени барања и приговори, како и неправилности во работењето на органите на федерацијата, вклучително и Собранието и Извршниот одбор.

Подносителот исто така укажува на наводи за финансиска нетранспарентност, неправилности во исплата на надоместоци, како и сомневања за можно коруптивно однесување и влијанија при донесување на одлуки во рамките на федерацијата.

По разгледување на наводите во пријавата и приложената документација, ДКСК утврди дека истите се однесуваат на прашања поврзани со работењето, организацијата и примената на прописите во рамките на спортска федерација, како и на евентуални повреди на Законот за спорт и внатрешните акти на федерацијата.

Имајќи предвид дека ------ федерацијата на Република Северна Македонија претставува спортска организација, а надзорот над законитоста на работењето на спортските федерации, како и постапувањето по наводи за неправилности во нивното работење е во надлежност на Министерството за спорт на Република Северна Македонија, ДКСК оцени дека во конкретниот случај не постојат елементи за нејзино надлежно постапување.

Воедно, по извршената анализа, ДКСК утврди дека во пријавата не се содржани конкретни и доволно поткрепени наводи што би укажувале на постоење на судир на интереси, ниту се утврдени елементи што упатуваат на коруптивно однесување кое спаѓа во надлежност на Комисијата, односно не се работи за службени лица во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за нејзино надлежно постапување, имајќи предвид дека наводите се однесуваат на постапување на Министерството за спорт на Република Северна Македонија, пријавата заедно со прилозите кон неа ќе се достават до посоченото министерство како надлежен орган за понатамошно постапување.

Согласно наведеното, ДКСК оцени дека предметната пријава се отфрли, а истата со сите прилози да се достави до Министерството за спорт на Република Северна Македонија како надлежен орган за понатамошно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut